Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда д-р Никола Тупанчески донесе:

## О Д Л У К А
**за избор на најповолен понудувач во постапка за набавка на услуги објавена со оглас број 07169/2022**

1. За најповолен понудувач за набавка на услуги – Сервисирање на ИТ-опремата, се избра:

„ **Дел 1 - Одржување, сервисирање и поправка на сервери и мрежна опрема (Core bussines infrastructure);**
- **Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје**

**Дел 2 - Одржување, сервисирање и поправка на Lexmark печатари**
- **ТП Таушанов Борис Иван Продажба и Сервис ОЛИ-ВЕТИ КОПИРС Скопје**

**Дел 3 - Одржување, сервисирање и поправка на опрема од различни производители**
- **Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Јегуновце** "

2. Се задолжува Секторот за општи работи да ја спроведе оваа Одлука.
3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишен план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на годишен план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година, Комисијата за јавните набавки при Министерството за правда спроведе постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги – Сервисирање на ИТ-опремата.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

Министерството за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност член 48 од Законот за јавните набавки, по разгледување на доставените понуди за секој дел поединечно од страна на економските оператори преку ЕСЈН, согласно извештајот од спроведената постапка и согласно член 112 од ЗЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерството за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги објавена со оглас број 07169/2022.

Правна поука: Против Одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката преку ЕСЈН до Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Никола Тупанчески

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за општи работи

Nikola Tupancheski
Digitally signed by Nikola Tupancheski
Date: 2022.05.26 10:53:33 +02'00'

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвила: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска, раководител на сектор


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification